Марија ДРАКУЛОВСКА – ЧУКАЛЕВСКА **УДК: 316.42-021.463(091)**

# ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ НА ПРОЦЕСИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

***Кратка содржина:***

*Во прилогот се анализираат процесите на глобализацијата и нивниот историски развој. Тој развој има долга и драматична историја, иако неговата еволутивна линија не се движела рамномерно, туку имало и прекини кои го попречувале. Независно од тоа, процесите на глобализацијата се развивале од најстарите човекови групи преку архаични империи, па се до денешното глобално општество.*

*Клучни зборови: ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, КАПИТАЛИЗАМ, КОЛОНИЈАЛИЗАМ, ЧОВЕШТВО*

Кон крајот на XX век, зборот глобализација ретко се употребувал во академските кругови и во секојдневните комуникации, па во таа смисла Ентони Гиденс истакнува дека глобализацијата дојде од никаде за биде насекаде. Токму тоа присуство насекаде во светот, глобализацијата ја направи многу популарна тема која е клучна во објаснувањето и толкувањето на времето во кое живееме. Тоа е време на големи општествени промени кои се одвиваат *тука* и силно влијаат на современиот човек. Затоа, денес овие процеси се клучна карактеристика на општествениот живот и оттука не изненадува се поголемото интересирање на социолозите и други социјални мислители поадекватно да ги разберат одделните димензии и суштината на овој процес и неговото значење за човекот.

Голем број автори, да ги наведеме само оние најпознатите, како на пример, Роналд Робертсон (Robertson, 1990, Robertson et al 2004), Имануел Волерстеин (Wallerstein, 1986), Ентони Гиденс (Gidens, 1998, 2002, 2003), Урлих Бек (Бек, 2002), Дејвид Хелд (Held, Held et al 1999), Мартин Елброу (Albrow, 1990), Зигмунт Бауман (Бауман, 1999), Малком Вотерс (Вотерс, 2003), Томас Фридман (Фридман, 2003) и други од разни теориски позиции го тематизираа нејзиното значење за социологијата и настојуваа да ја објаснат нејзината комплексна мултидимензионална природа.

Токму поради комплексната природа за процесите на глобализацијата, се претпоставува дека сите денес сме добро информирани, за нешта кои директно не засегаат и на кои можеме свесно да дејствуваме. Но, за да ги сознаеме широ-

ките можности на овие процеси, неопходно е да го објасниме нивниот развој низ историјата.

За почетокот и развојот на процесите на глобализацијата, во литературата постојат различни мислења. Тие разлики се однесуваат на модерните и пред –модерните облици на глобализацијата, иако голем дел од авторите се согласни дека експанзијата на големите религии и цивилизации, војните и нивните освојувања се облици на поврзување на светови со единствена цел создавање на единствен свет и универзално стремење кон човештвото. Во таа смисла, се формира една глобална доктрина, глобална филозофија и глобален систем на знаења за човештвото.

Така, многумина историчари сметаат дека за почетокот на глобализацијата може да се земе првото пловење околу планетата Земја во 1519–1521 година (Mazlish, 1993: 1-24). Кога веќе ги спомнуваме патувањата, треба да се каже дека некои почетоците на глобализацијата ги врзуваат за откривањето на Америка од Кристофер Колумбо. Голем број од авторите се согласуваат дека глобализацијата не е ништо ново. Станува збор за *стар процес* кој започнал пред сто и повеќе години, поточно во доцниот XVIII век. Во тоа време кога светот го зафатиле големи промени. Со тоа што капитализмот и индустријализацијата станале главни општествени сили кои го обликуваат општеството, придружени со експоненцијалната брзина на општествените промени (Hirst, 1999: 10).

Кон овие концепции треба да го споменеме и малку заборавениот Комунистички манифест на Маркс и Енгелс. Имено, станува збор за еден малку познат пасус од Манифестот во кој, пред повеќе од век и пол се укажува на почетоците на глобализацијата. Да цитираме: Со експлоатацијата на *светскиот* пазар, буржоазијата му даде *космополитски карактер* на производството и потрошувачката на *сите земји.* За голема жалост на реакционерите, таа и ја истргна од под нозе националната почва на индустријата. Најстарите национални гранки на индустријата се уништени и секојдневно се уништуваат. Нив ги потиснуваат нови индустрии кои мораат да ги воведуваат сите *цивилизирани нации*, индустрии кои повеќе не преработуваат домашни суровини, ами суровини што идат од најоддалечените области; и од кои се изработуваат такви фабрикати што се трошат не само во земјата, ами истовремено и во сите делови од светот. На местото на старите потреби, задоволувани со домашните производи, доаѓаат нови, кои за своето задоволување бараат производи од најдалечни земји...На местото на старата *локална и национална самодоволност* и ограденост стапува *сестраниот сообраќај, сестраната заемна зависност на нациите.* А како што е во материјалното, така е и во духовното производство. *Духовните производи на одделните нации*

*станувaат општо добро. Националната едностраност и ограниченост станува се повеќе невозможна, а од многуте национални и локални литератури се создава една светска литература* (Корубин,2004:69-70). Преку овој пасус се потврдува дека глобализацијата е стар и општо територијален процес кој е реален, а не наметнат како што сметаат некои автори.

Имануел Волерстин почетокот на глобализацијата го поврзува со капиталистичкиот светски систем до почетокот на колонијализмот во XVI век. Тој смета дека во историскиот поглед на светската системска теорија, светот станува се повеќе глобално структуриран, благодарение на експанзионистичката природа на капитализмот. Од AGIL шемата која се состои од четири базни потреби Adaptation, Goal attainment, Integration, Latency која ја превзема од Талкот Парсонс, за времето пред Средниот век, Волерстин ја прифаќа идејата дека на прво место можат да стојат политички цели, што било и случај кај империите (Ташева,1999: 448-449). Тие имале политички центар кој понатаму се ширел кон периферијата и тоа ширење ги правело империите главни актери на тогашните глобализациски процеси. Но, по Средниот век, се јавува капиталистичката економија која се наметнува како главен глобализатор без разлика на политичкиот центар и се шири насекаде во периферииите на државите. Во суштина, земено колонијализмот не е ништо друго, туку е првиот индустриски капиталистички бран на глобализацијата.

Интересна е и периодизацијта што ја прави Роналд Робертсон во поглед на развојот на глобализацијата. Таа се остварува низ целиот тек на развојот на модерноста, почнувајќи од нејзините први појави во рамките на традиционалните општества па наваму. Нејзиниот тек, Робертсон го претставува преку една скала која вклучува пет фази:

Првата е фаза на р'тење, која се остварува во Европа од раниот XV век до средината на XVIII век. Почнува растот на националните заедници и опаѓањето на средновековниот транснационален систем; расте значењето на католичката црква; добиваат нагласка индивидуалноста и идеите на хуманоста; хелиоцентричниот систем го заменува геоцентричниот, се проширува грегоријанскиот календар.

Втората е првобитна фаза, која се остварува главно во Европа од 1870- та преку насочување кон идеата за хомогена, унитарна држава; кристализација на поимите што ги формализираат интернационалните односи кон индивидуите како граѓани и како членови на општеството. Истовремено раст на конвенциите и агенциите во врска со интернационални и транснационални регулации и комуникација; меѓународни изложби, почеток на примањето на неевропските

општества во „интернационалното општество“, како и тематизирање на интернационализмот.

Третата е полетната фаза, која трае од 1870- 1920 година. Во нејзини рамки глобализациските тенденции од претходните фази се концентрираат на четири точки: националните општества, генеричките индивидуи, единственото интернационално општество и единствената, но не унифицирана концепција за човештвото. Почнува тематизацијата на проблемот на модерноста; на националниот и личниот идентитет; вклучување на членови на неевропските општества во интернационалното општество; интернационална формализација и намерна имплементација на идеите на хуманоста; глобализацијата на ограничувањето на имиграцијата; брз развој и раст на брзината на формите на комуникацијата; интернационални романи; раст на економски движења; глобални натпревари (Нобелова награда, Олимписки игри, имплементација на светско време и скоро глобална употреба на грегоријанскиот календар); Првата светска војна.

Четврта е фазата на борба за хегемонија, која трае од 1020 до доцните 1960-ти години, со воспоставување на Лигата на народите и Обединетите нации; воспоставување на принцип на национална независност, конфликтни концепции на модерноста (Сојузи и Оски), следени од јакнење на Студената војна (конфликт во рамките на модерниот проект); природата и проспектите на хуманоста фокусирани околу Холокаустот и употребата на атомската бомба; кристатализација на Третиот свет.

Петта е фазата на неизвесност, која почнува доцните 1960- ти и ги опфаќа кризните тенденции на 1990-те години со: јакнење на глобалната свест, истоварање на месечината, нагласување на постматерјалистички вредности; крај на Студената војна. Раст на проблемот на правото на пристап кон нуклеарно и термонуклеарно оружје; раст на глобални институции и движења; нагласено забрзување на средствата за глобална комуникација; растечко соочување на општествата со проблемите на мултикултурноста и полиетичноста; вклучување во концепциите на индивидуалноста, на полот, етничките и расните разгледувања. Фокусот кон граѓанските права како глобален проблем; раст на флуидноста на интернационалниот систем; крај на биполарноста; раст на интересот за светското општество и светското граѓанство наспроти етничката револуција, консолидација на систем на глобални медии; еколошкиот проблем и Рио декларацијата (Robertson,1990: 53).

Еден од авторите кои процесот на глобализацијта го поврзува со процесот на модерноста од XVIII век е и Ентони Гиденс. Тој смета дека глобализацијата е една од основните последици на модерноста (Gidens, 1998: 166). Имено, тука

глобализацијата се поврзува со Западот и неговите институции во целиот свет кои се имаат голема моќ при што ги слабеат локалните култури и идентитети.

Кон овие периодизации за процесите на глобализацијата се приклонуваат сфаќањата кои се однесуваат на формите кои глобализацијата ги имала во својата историја. Тоа се партикуларните форми на глобализацијата кои меѓусебно се разликувале во одделните историски епохи. Токму за историските форми на процесите на глобализацијата пишува Дејвид Хелд (Held et all, 1999:17-18). Во тој контекст, Хелд историските форми на глобализацијата ги поврзува со: *спацио-темпорални и организациски димензии* кои се глобално поврзани во посебни историски епохи. Спацио – темпоралните димензии се однесуваат на ширењето на глобални мрежи, јаки глобални меѓу зависности, брзина на глобалните текови и влијание склоно кон глобалните меѓу поврзаности. Додека пак, организациските димензии преставуваат специфични форми составени од инфраструктура на глобализацијата, институционализација на глобалните врски и примена на сила, глобална стратификација и глобална интеракција. Ваквата анализа на формите овозможува тие ја детерминираат состојбата на глобализацијата во секоја епоха.

Томас Фридман почетокот на процесите на глобализацијта ги објаснува со падот на сите ѕидови во светот и студената војна што го направија возможна ерата на глобализацијата. Тој многу убаво констатира: „Светот на Студената војна беше како пространа едноличност, цик – цак поделен од бедеми, ѕидови, канали и ќорсокаци. Не беше возможно да се отиде многу далеку, или многу брзо, во светот без да се удрите од Берлинскиот ѕид или од железната завеса или од Варшавскиот пакт или од нечија заштитна тарифа или контрола на капиталот. Зад овие бедеми и зидови, земјите наоѓаа многу места за криење и зачувување на сопствената уникатна форма на живот, политика, економија и култура. Тоа што ги разнесе сите ѕидови беа трите суштински промени: во начинот на комуникацијата, во начинот на инвестирање и во начинот како учиме за светот (Фридман, 2003: 54-55).

Може да се рече дека и покрај разликите во датирањето на почетоците и облиците на глобализацијата како осмислен процес таа е сепак, карактеристика на модерната епоха. Меѓутоа како процес кој ги зафаќа сите сфери на животот во планетарни размери до својата кулминација што ја доживува во сегашноста.

Во таа смисла Урлих Бек наведува неколку процеси во кои денес глобализацијата доаѓа до израз тоа се: географската експанзија и зголемената густина на интернационалната трговија и глобалната мрежност на финансиските пазари и пораст на на моќта на транснационалните компании, информатичката

револуција и комуникациската технологија, универзалната побарувачка на човекови права демократски принцип, глобалната културна индустрија,растење на моќта на постнационалните полицентрични светски политики во кои транснационалните учесници растат истовремено со владите, прашањето за глобалната сиромаштија, глобалното уништување на животната средина и транснационални конфликти на едно место.

Во денешниве светски констелации што на американскиот социолог Мартин Елброу му дава за право вистинската глобализација да ја поврзе со последните децении на XX и почетокот на XXI век. Тоа е времето кога според него започнува процесот на т.н „ *глобална епоха*,,.

(Рецензент: *проф.д-р Антоанела Петковска)*

## ЛИТЕРАТУРА

Albroy, Martin. 1996. *Global Age State and Society Beyond Modernity.* Oxford: Polity Press

Бек, Урлих.2002.*Што е глобализација?.* Скопје: Тера Магика

Gidens, Entoni. 1998. *Posledice modernosti.* Beograd: Filip Višnič

Гиденс, Ентони. 2003. *Забеган Свет.* Скопје: Филозофски факултет

Корубин, Јован.2004. *Аномично општество.* Скопје: Матица Македонска

Mazlish, Bruce.1993. „An introduction to global history In conceptualizing global history. Boulder, Co: Westview

Robertson, Ronald. 1990. *Globalization: Social Theory and Global Culture.* London: SAGE Publications.

Ташева, Марија.1999.*Социолошки теории.* Скопје:Универзитет „Св.Кирил и Методиј"

Томас, Фридман. 2003.*Лексусот и маслиновото дрво.* Скопје: Матица Македонска

Held, Dejvid., McGrew, Anthony., Golgblatt, David., and Perraton, Jonathan. 1999. *Global Transformations: Politics, Economic and Culture.* Stanford: Stanford University Press.

Hirst, Paul., Grahame, Thompson. 1999. Globalization in Question. Cambridge: Polity Press

Wallerstein, Immanuel. 1986. *Suvremeni svjetski sistem.* Zagreb: Cekade.

Marija DRAKULOVSKA–CUKALEVSKA

# HISTORICAL CONTEXT OF THE GLOBALIZATION PROCESSES

## *Abstract*

The following article analyzes the globalization processes and their historical development. The development itself has long and dramatic history, although its evolution line was not continuous, but had interruptions that discontinued it. Nevertheless, the globalization processes orginated from the oldest human groups through archaic empires, up to the present global society.

***Key words:*** *GLOBALIZATION, CAPITALISM, COLONIALISM, MANKIND*